# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛИФТОВИ

09.01.2015

Со Етичкиот Кодекс на МЗЛ се одредуваат правилата на доброто однесување на сите членови на Здружението.

Етичкиот Кодекс на Здружението содржи правила за добро однесување на членовите на Здружението кон сите физички и правни лица во земјата и во странство, кон сите владини и невладини тела како и во меѓусебните односи на самите членови на Здружението.

Членот на Здружението во својата работа ги применува начелата на пристојно и професионално деловно однесување.

Во односот кон други лица членот на Здружението постапува професионално и пристојно.

Во работата применува стручно знаење и нуди квалитетни услуга и производ и со тоа на корисникот му обезбедува квалитет.

Во работата со други лица членот на Здружението се служи со македонски јазик и со разбирлив речник (во странство се служи со јазик што го договараат двете или сите вклучени страни).

Членот на Здружението постапува еднакво кон сите граѓани, без дискриминација или повластици врз основа на: возраста, националноста, етничката или социјалната припадност, јазичното или расно потекло, политичките или верските уверувања или наклонетости, инвалидноста, образованието, социјалната положба, полот, брачниот или семејниот статус, половата ориентација или врз која било друга основа.

Меѓусебните односи на членовите на Здружението се темелат врз заемно почитување, доверба, соработка, пристојност и трпение.

Членот на Здружението не ги попречува другите членови во работат во рамките на Здружението.

Членовите на Здружението меѓусебно разменуваат мислења и информации за одделни стручни прашања.

Управниот одбор ги поттикнува членовите на Здружението на квалитетно и ефикасно работење во рамките на Здружението, на меѓусебно уважување, на почитување и соработка како и на примерен однос кон други лица.

На седниците и на собирите што ги организира Здружението, предмет на дискусија на членовите може да биде само тоа што е во врска со темата (Дневниот ред) на седницата или собирот.

На седниците или собирите на Здружението, како и пред започнувањето или после завршувањето на истите, во формален или неформален облик, членовите на Здружението никогаш не смеат да разговараат или да разменуваат информации за следниве теми или теми слични на нив: бојкот на компаниите кои не се членови или пак бојкот на нивните клиенти; делба на пазарот; договори за набавки; договарање на цени или тајминг за промена на цените; одлуки за давање или недавање понуди за одредени услуги; одлуки за инвестирање и слично.

Во сите облици на јавни настапи и делувања при кои го претставува Здружението, членот ги изнесува ставовите на Здружението согласно со: прописите, добиените овластувања, стручното знаење и одредбите на Етичкиот Кодекс. Во јавни настапи во кои членот не го претставува Здружението, а што се тематски поврзани со Здружението, членот истакнува дека изнесува лични ставови. При изнесувањето ставови на Здружението и на личните ставови, членот внимава на личниот углед и на угледот на Здружението.

Други лица и членови можат да се обратат до УО на Здружението со поплака на однесувањето на одделен член на Здружението за кое сметаат дека е спротивно на одредбите на Етичкиот Кодекс.

Управниот одбор на Здружението или лицето овластено од негова страна, се должни да ги запознаат новите потенцијални членови на Здружението со одредбите на Етичкиот Кодекс пред нивниот прием во членство.

Етичкиот Кодекс се истакнува на видно место во службените простории на Здружението.

Етичкиот Кодекс се објавува и на интернет-страницата на Здружението.

Овој Етички Кодекс стапува на сила на денот на неговото донесување.

Потпис на членот ______________________________